**НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

# АНКЕТА ЗА КРЕДИТНАТА АКТИВНОСТ ПО ГРУПИ НА БАНКИ

ЧЕТВРТИ КВАРТАЛ, 2014 ГОДИНА

Јануари, 2015 година

# *Резиме на резултатите од Анкетата за кредитната активност по групи на банки*[1,2]

## *Големи банки*

### Кредити на претпријатијата

- Кредитна политика: натамошна непроменетост на условите за одобрување корпоративни кредити, што е карактеристично од почетокот на 2014 година.

- Кредитна побарувачка: нето-зголемување на побарувачката на корпоративните кредити, со поголем интензитет во однос на претходната анкета.

- Очекувања за првиот квартал на 2015 година: посилно нето-олеснување на кредитните услови во споредба со очекувањата во претходниот период, во услови на натамошно интензивно зголемување на побарувачката на нето-основа.

### Кредити на население

- Кредитна политика: посилно нето-олеснување на кредитните услови споредено со минатата анкета, што е посебно нагласено кај станбените кредити.

- Кредитна побарувачка: натамошно нето-зголемување на вкупната побарувачката на кредити со умерено повисок интензитет во однос на претходната анкета, при позначително зголемување на побарувачката на станбени кредити.

- Очекувања за првиот квартал на 2015 година: понатамошно олеснување на кредитните услови и раст на кредитната побарувачка на нето-основа, но послабо споредено со претходната анкета.

## *Средни банки*

### Кредити на претпријатија

- Кредитна политика: благо олеснување на кредитните условите за одобрување корпоративни кредити, со послаба динамика во однос на претходната анкета, при поголемо олеснување на условите за одобрување кредити на големите претпријатија.

- Кредитна побарувачка: умерено зголемување на вкупната побарувачка на нето-основа, но при нето-намалување на побарувачката на кредитите на малите и средните претпријатија и долгорочните кредити.

---

[1] Методологијата на Анкетата за кредитната активност по групи банки е претставена во посебен прилог којшто може да се најде на следнава врска: Методологија на анкетата за кредитната активност.

[2] Временска серија од податоците на Анкетата за кредитната активност по групи банки може да се најдат на следнава врска: Временска серија по групи банки.

- Очекувања за првиот квартал на 2015 година: посилно нето-олеснување на кредитните услови во споредба со претходната анкета, во услови на натамошно поголемо зголемување на побарувачката на корпоративните кредити.

## Кредити на населението

- Кредитна политика: позначително нето-олеснување на кредитните услови, наспроти минималното нето-олеснување во претходната анкета. Притоа, се забележува подинамично олеснување на условите за одобрување станбени кредити, наспроти нивното нето-заострување во минатата анкета.

- Кредитна побарувачка: натамошно нето-зголемување на побарувачката на сите видови кредити, коешто е поголемо во споредба со претходната анкета.

- Очекувања за првиот квартал на 2015 година: послабо нето-олеснување на кредитните услови во споредба со минатата анкета во услови на натамошно зголемување на побарувачката на нето-основа, со сличен интензитет како во претходниот период.

# *Мали банки*

## Кредити на претпријатија

- Кредитна политика: натамошно нето-заострување на кредитните услови за одобрување корпоративни кредити со сличен интензитет како во претходната анкета.

- Кредитна побарувачка: благо намалување на побарувачката на сите видови корпоративни кредити, наспроти нето-зголемувањето на побарувачката на краткорочните и долгорочните кредити во минатата анкета.

- Очекувања за првиот квартал на 2015 година: натамошно олеснување на кредитните услови и зголемување на побарувачката на нето-основа, со слична динамика како во претходната анкета.

## Кредити на населението

- Кредитна политика: натамошно олеснување на кредитните услови на нето-основа, коешто е поголемо кај станбените кредити во однос на претходниот период.

- Кредитна побарувачка: понатамошно зголемување на побарувачката на станбени и потрошувачки кредити со слична динамика како во минатата анкета, во услови на благо нето-намалување на побарувачката на останатите кредити.

- Очекувања за првиот квартал на 2015 година: натамошно нето-олеснување на кредитните услови и раст на побарувачката на кредити на нето-основа, со сличен интензитет како во претходната анкета.